ЈП ДЕПОНИЈА ДРИСЛА СКОПЈЕ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP
Бр./Nr. 03 – 1192/2
31.08. 2023 год.
СКОПЈЕ / SHKUP 1

**Дата: 31.08.2023**

**РЕШЕНИЕ**

На 21.08.2023 година, во ЈП депонија Дрисла Скопје по електронска пошта пристигна Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на

Постапувајќи по законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како одговорно лице за посредување при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, врз основа на добиените информации од Одделението за уништување на отпад, Ви доставуваме одговор на Вашите прашања за податоци за секоја година за 2019, 2020, 2021, 2022 и 2023 година (заклучно со 30.06.2023), и тоа:

1. Број на уништени вакцини со назнака на видот на вакцината (намена) и на производителот?
   - Во ЈП депонија Дрисла Скопје од 2019 година до крајот на јуни 2023 година уништени се вкупно 768 кг различни видови вакцини и од различни производители, и тоа во 2019 година 81 кг, во 2020 година 45 кг, во 2021 година 43 кг, во 2022 година 492 кг и до крајот на јуни 2023 година 107 кг вакцини.
   - Од вкупниот број на унишени вакцини, 320 кг односно 67.678 парчиња се вакцини за Ковид од следните производители: Astra Zeneca, Sinovac, Pfizer/BioNTech, Sinopharm, и тоа: Од Astra Zeneca 50.930 парчиња, од Sinovac 400 парчиња, од Pfizer/BioNTech 15.348 парчиња и од Sinopharm 1000 парчиња и сите вакцини се уништени на 04.03.2022 година.
   - Останатите 448 кг вакцини се од различни производители и за различни други намени.
   - Податоците за останатите вакцини не се дадени по број, вид на вакцини и производители, од причина што приемот, уништувањето и наплатата на отпадот се врши согласно важечкиот Ценовник на ЈП депонија Дрисла Скопје во кој е наведена мерна единица "килограм" за согорување на медицински отпад и лекови со поминат рок, при што самото претпријатие нема потреба од водење на посебна евиденција, а се работи за голем број на вакцини за различни намени и од голем број на различни производители кои се примени и уништени само по количина (кг).

Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје
Официјална адреса: Бул. Илинден бб, 1000 Скопје, Р. С. Македонија.
Седиште на адреса: с. Батинци, П. Фах 34, 1050 Скопје, Р. С. Македонија.
Телефон: 02/ 2722 400
Факс: 02/ 2744 449
www.drisla.mk
drisla@drisla.mk
Број на сметка: 300 0000033841 72
Комерцијална банка АД Скопје
ЕМБС: 6533191
ЕДБ: MK4080009506800

2. Која била причината за уништување на вакцините?
   - Уништувањето на вакцините е поради поминат рок на истите.

3. Колку чинело уништувањето на вакцините?
   - Цената по која се уништени (согорени) вакцините е 45 ден./кг без ДДВ (5%), согласно Ценовникот на ЈП депонија Дрисла Скопје кој е сеуште во важност со истите цени.

Изработил

---------------------------------------------

**Дијана Ж.Велјаноска**

Одговорно лице за посредување при давање

на информации од јавен карактер